РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria
Бр./Nr 12-430/3
11-09-2020 г./v.

Врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител (анонимна пријава), на продолжението на 38-та седница одржано на 09.09.2020 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот со број 12-4508/1 од 27.09.2019 година оформен по пријава од непознат подносител (анонимна пријава)доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-4508/1 од 27.09.2019 година, поради тоа што во предметиот случај веќе постапуваат други надлежни институции (Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција) кои во рамките на своите законски надлежности преземаат процесни дејствија согласно закон.

Предметот со број 12-4508/1 од 27.09.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-4508/1 од 27.09.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител (анонимна пријава).

Во пријавата се наведуваат наводи за сомневање за незаконитости поврзани со доделување на стан кој се наоѓа на ул. "------------------ на корисникот ------------------, вработен во МВР- СВР -----------.

Со цел проверка на основаноста на наводите во приајвата и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и информации со број 12-430/1 од 22.01.2020 година со кое побара од Министерството за внатрешни работи во рамките на своите законски належности да ги провери наводите во пријавата.

При разгледување на предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид предметните наводи и по извршените проверки го утврди следното:

- посоченото лице во пријавата ------------, вработен во МВР СВР ----------- е корисник на државен стан во ----------- кој се наоѓа на ул. "-------------------, со кој се стекнал врз основа на Решението бр. 08-5221/4 од 31.01.2002 година донесено од Комисијата за станбени и иселенички прашања на Владата

на Република Македонија, која ги утврдила критериумите врз основа на кои му било доделено правото на закуп на предметниот стан,

- Сите дејствија поврзани со поднесување на пријавите со придружна документација во конкретниот случај и донесување на предметното Решение за стекнување на правото на користење на стан биле преземени во Комисијата за станбени и иселенички прашања на Владата на Република Македонија,
- Корисникот на станот сеуште го користи станот што му е доделен, видно од записниците од извршените теренски контроли и редовно ја плаќа месечнта закупнина.
- Од извршените проверки ДКСК утврди дека по однос на конкретниот случај во изминатиот период постапувале повеќе институции, вклучувајќи ја и ДКСК во поранешен состав, која побарала информации од АД за изградба и стопанисување со станови и со деловен простор од значење на Републиката-Подружница ----------, додека по поднесени пријави од повеќе државни институции за конкретниот случај поради постоење сомневање за незаконитости при доделување на правото на користење на предметниот стан во Основното јавно обвинителество за гонење на организиран криминал и корупција е отворен предмет со број КО бр.20/19, по кој се издадени Наредби за собирање на потребни известувања.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во конкретниот случај постапиле и сеуште постапуваат други надлежни органи во РСМ кои во рамките на своите законски надлежности преземаат процесни дејствија согласно закон, ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметиот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: Софка Пејовска Дојчиновска, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**